( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar: | 25.03.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Viera |
| 03 | 1152/1 | | |

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**До:** ______________________________________________

**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

______________________________________________

[redacted]

______________________________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Известување проследено од ДКСК до д[redacted]о врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" поднесена по електронска пошта до ДКСК на ден 23.01.2025 година и предмет со наслов "ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРИЈАВА" поднесена по електронска пошта до ДКСК на ден 12.02.2025 година и доказ дека известувањето било доставено до д[redacted].
2. Одлука донесена од страна на ДКСК согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" поднесена по електронска пошта до ДКСК на ден 23.01.2025 година и предмет со наслов "ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРИЈАВА" примена во поднесена по електронска пошта до ДКСК на ден 12.02.2025 година и доказ дека Одлуката била доставено до д[redacted]

______________________________________________

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер**

**Во Скопје, 24.03.2025 година** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Burim Abazi**

**From:** [redacted]
**Sent:** Monday, March 24, 2025 8:45 AM
**To:** contact@dksk.org.mk; b.abazi@dksk.org.mk
**Subject:** Барање за пристап до информации од јавен карактер
**Attachments:** Барање слободен пристап до информации.pdf

**Почитувани,**

**Во прилог доставувам барање за пристап до информации од јавен карактер.**

**Со почит,**

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-1152/2
10.04.2025 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1152/1 од 25.03.2025 година, доставено од [redacted] Скопје, го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-1152/1 од 25.03.2025 година, доставено од [redacted] до ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата, во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-1152/1 од 25.03.2025 година со кое побара:

*„1. Известување проследено од ДКСК до [redacted] во врска со предмет со наслов „Пријава“ поднесена по електронска пошта до ДКСК на ден 23.01.2025 година и предмет со наслов „ДОПОЛНЕНИЕТ НА ПРИЈАВА“ поднесена по електронска пошта до ДКСК на ден 12.02.2025 година и доказ дека известувањето било доставено до [redacted]*

*2. Одлука донесена од страна на ДКСК согласно предмет со наслов „ПРИЈАВА“ поднесена по електронска пошта до ДКСК на ден 23.01.2025 година и предмет со наслов „ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРИЈАВА“ примена во поднесена по електронска пошта до ДКСК на ден 12.02.2025 година и доказ дека Одлуката била доставено до [redacted]*

По разгледување на барањето, ДКСК констатираше дека располага со бараните информации

Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) постапи по предмет бр. 12-1734/1 од 04.06.2024 година, оформен по доставена пријава, против [redacted]

Со цел проверка на наводите од пријавата, ДКСК побара информации од Јавното обвинителство на РСМ, од каде е доставено Известување со А.бр. 03-912/2024 од 05.08.2024 година, дека во

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Основното јавно обвинителство Скопје е оформен предмет КО бр. 903/24 против [redacted], каде постапката е во тек.

По разгледување на допирните податоци во врска со предметот 12-1734/1 од 04.06.2024 година, ДКСК на 10-тата седница одржана на ден 08.11.2024 година донесе Одлука бр.12-1734/15 од 25.11.2024 година со која ја запре постапката по предметот. Одлуката е објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр. 12-1734/16 од 27.11.2024 година Одлуката е доставена до пријавителот за запознавање.

Целокупната документација која беше доставена по донесувањето на спомената одлука од Ваша страна, ДКСК со допис број 12-143/13 од 26.03.2025 година, ја достави за натамошно постапување до Јавното обвинителство на РСМ, во врска со оформениот предмет КО 903/24.

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk